Врз основа на член 35 од Статутот на Атлетската федерација на Македонија, Собранието на Атлетската федерација на Македонија на својата седница одржана на 01.март. 2014 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ ВО АТЛЕТСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат дисциплинските прекршоци, казни и мерки, постапка за утврдување дисциплиска одговорност на натпреварувачите, стручните и техничките раководители на клубови, судиите и другите атлетски работници, како и клубовите и нивните органи.

**Член 2**

Дисциплински прекршок преставува непочитување на Статутот на Федерацијата и другите акти, утврдени за регулирање на дејноста на атлетскиот спорт во Македонија.

**Член 3**

(1) Одговорноста за сторен дисциплински прекршок и Одлуката за тоа ја утврдува Дисциплинска комисија (во понатамошен текст Комисија).

(2) Работата на Комисијата е јавна.

(3) Во исклучителни случаи, Комисијата може да одлучи јавноста да биде исклучена во целост или делумно во одредени фази или во текот на целата постапка.

**Член 4**

(1) Комисијата е составен од Претседател, која ја застапува и два члена.

(2) Претседателите и членовите на Комисјата ги именува Извршниот одбор за време од 4 години.

**Член 5**

(1) Комисијата одлучува полноважно ако се присутни сите членови, а Одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

(2) Своите Одлуки Комисијата ги донесува врз основа на спроведената доказна постапка.

**Член 6**

Непознавањето на одредбите од овој Правилник не ослободуваат никое од лицата од член 1 на овој Правлник од дисциплинска одговорност.

**Член 7**

(1) За обид да се стори прекршок, сторителот ќе се казни само ако е тоа предвидено со ововј Правилник.

(2) Кога некој потикнува или помага во сторувањето на прекршокот, се казнува како тој да го извршил.

**Член 8**

При одмерувањето на казната Комисијата должна е да ги земе во предвид сите олеснителни и отежнителни околности кои се познати во конкретниот случај, а особено:

- тежината на сторениот прекршок;
- последиците од истиот;
- степенот на одговорност на сторителот;
- како и тоа дали порано бил казнуван или не.

**Член 9**

(1) Дисциплинскта постапка не може да се покрене ако поминале 6 (шест) месеци од денот од кога е сторен прекршокот, односно 9 (девет) месеци од денот кога е дознаено за сторениот дисциплински прекршок.

(2) По истекот на една година од денот на сторувањето на прекршокот, неможе да се покрене постапка за дициплинска одговорност (апсолутна застареност)

**Член 10**

Никој не може да биде казнет додека не се сослуша односно да му биде овозможено да даде писмена или усна изјава.

## 2. ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОЦИ

### 1. Неспортско однесување

**Член 11**

(1) Под неспортско однесување се подразбира: непристојни гестови и псовки, приговарање, заканивање на судија или атлетски раководители и функционери кој вршаат одредена должност, како и прдизвикување на функционери, гледачи или натпреварувачи со зборови, движења или гестови.

(2) За овој вид прекршоци може да се изрече опомена, усна или писмена или забрана на настап и вршење функција на одреден натпревар или до 12 месеци.

### 2. Физички напад

**Член 12**

(1) Под физички напад се подразбира напад направен од натпреварувач/ка, функционер, стручен или технички раководител врз натпреварувач/ка, функционер, тренер, стручен или технички раководител, судија или гледач, кој ќе биде извршен на атлетските борилишта или надвор од нив, а повод и врска е атлетскиот спорт.

(2) Сторителот ќе се казни со забрана на настап или вршење на функција на најмалку 3 натпревари или со забрана на настап од 2 до 24 месеци.

(3) Иста казна е предвидена и ќе се изрече на лица кои потикнуваат и помагаат во реализација на физички напад.

### 3. Напуштање на натпревар

**Член 13**

(1) Под напуштање на натпревар се подразбира своеволно напуштање на натпревар од страна на поединец или екипа.

(2) Натпреваувач кој ќе направи ваков прекршок се казнува со забрана на настап до 3 натпревари или со забрана на настап од 6 до 24 месеци.

(3) Екипа, стручен или технички раководител за истиот прекршок може да се казни со забрана за вршење на должност од најмалку 6 месеци, а ако прекршокот го направи клуб, казната е истоветна како за натпреварувач, утврдена со став два од овој член.

**4. Неправилен настап**

**Член 14**

(1) Под неправилен настап се подразбира настап на натпреварувач-ка или клуб без право на настап по било кој основ.

(2) За неправилно настапување на натпреварувач-ка и клуб може да се изрече казна забрана за настап до 3 натпревари или забрана за настап од 6 до 24 месеци.

(3) За неправилен настап надвор од земјата, натпреварувачот се казнува со забрана за настап на сите меѓународни натпревари до 3 години, за функционер забрана за вршење на должност до 36 месеци, а за клуб забрана на настап во странство до 2 години.

**5. Навреди и клевети**

**Член 15**

За навреди, клевети и ширење на невистини за својот или противнички натпреварувач/ка, функционер, судија или било кој атлетски орган, сторителот ќе се казни со забрана за настап или вршење на должност до 1 година.

**6. Измама и фалсификување**

**Член 16**

(1) Доведување до заблуда на атлетска организација, клуб или службено лице во нив, а во врска со атлетскиот спорт е прекршок кој може да се изрече казна забрана за настап до 2 години, односно вршење на должност до 2 години.

(2) Фалсификување на исправи поради неовластено стекнување со права во врска со атлетскиот спорт е прекршок со кој може да се изрече казна забрана за настап, односно вршење на должност од најмалку 12 месеци, а со иста казна се казнува и соучесникот и помагачот.

**7. Посебни прекршоци при вршење на тренерска должност за време на натпревар**

**Член 17**

Тренер кој за време на натпревар не било кој начин го попречува службеното лице во вршење на неговата функција, се наоѓа на терен за време на натпревар, дава упатства за време на натпреварот или поттикнува друго лице на правње неред, ќе се казни со забрана на вршење должност тренер до 12 месеци, а клубот може да се казни со парична казна.

**8. Посебни прекршоци на натпреварувачи и функционери во репрезентациите**

**Член 18**

За неспортско и недолично однесување, недисциплина и нанесување на штета на угледот на нашата земја во атлетскиот спорт, на подготовки, натпревари во земјата и странство, натпреварувачот ќе се казни со опомена или забрана за настап до 12 месеци, а функционер со опомена или со забрана за вршење на должност до 48 месеци или со доживотно отстранување од спортот.

**9. Нејавување на повик**

**Член 19**

За неоправданото нејавување на повик на Извршниот одбор и неговите органи, државниот капитен или функционер ќе се казни со опомена или со забрана на натпреварување, односно со забрана на вршење должност до 1 година.

**10. Земање на недозволени стимулативни допинг средства**

**Член 20**

(1) Земањето недезволени стимулативни средства ќе биде санкционирано со посебен правилник за допинг контрола.

(2) Правилникот ќе биде изготвен во согласност со Правилникот за допинг контрола на ИААФ од страна на Здравствената комисија.

## 3. ДИСЦИПЛИНСКИ КАЗНИ И МЕРКИ

**1. Видови дисциплински казни и мерки**

**Член 21**

Дисциплински казни, кои можаат да се изречат, врз основа на овој Правилник се:

А) За клубовите

1. Опомена;
2. Парична казна од 50 Евра - 500 Евра
3. Забрана за настап во земјата и странство во траењ од 6 до 24 месеци

Б) За функционери и стручни лица

1. Опомена;
2. Забрана за вршење должност во атлетската организација во траење од 1-36 месеци
3. Дисквалификација, отстранување од атлетската асоцијација и спорт на одреден временски период, во траење од 12-48 месеци, или доживотно

В) За Натпреваувачи

1. Опомена;
2. Забрана за настап:
- На одредени атлетски натпревари;
- За време од 1 до 36 месеци;
3. дисквалификација од атлетскиот спорт на определено време од 12 до 48 месеци, или доживотно.

**Член 22**

Дисциплински мерки, кои можаат да се изречат по овој Правилник се:
1. отсранување од подготовки;
2. отстанување од натпревар и
3. суспензија.

**2. Примена на казните**

**Член 23**

(1) Казната забрана за настап може да биде изречена заедно со казната забрана за вршење должност во атлетскиот спорт и обратно.

(2) Дисквалификација од атлетскиот спорт ја содржи во себе и забраната за натпреварување и вршење на било која службена должност во атлетски клуб или на атлетски натпревар:

**Член 24**

(1) Рокот за плаќање на паричната казна е 8 дена од денот на правосилнатоста на одлуката.

(2) Казната се уплатува на сметка на Федерацијата.

(3) На клубот, кој нема да ја уплати паричната казна во рокот предвиден во став 1 на овој член, истат може да му се замени со забрана за настап во земјата и странство.

(4) Казнетиот клуб е должен примерок од уплатницата веднаш да достави и до Комисијата.

(5) Казната се изразува во денарска противредност на Евро и се уплатува во денарски средства по средниот пресметковен курс на денот на уплатата.

**Член 25**

Правосилните одлуки за казните се евидентираат во регистарот за казни, кој го води Дисциплинката комисија на Федерацијата.

**4. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА**

**1. Дисциплински органи**

**Член 26**

(1) Дисциплинската постапка е двостепена.

(2) Првостепен орган е Дисциплинската комисија при Федерацијата.

(3) Второстепен орган е Извршниот одбор на Федерацијата.

**2. Надлежност**

**Член 27**

Дисциплинската комисија е надлежна да одлучува за сите прекршоци предвидени и направени од странана лицата од член 11 од овој Правилник.

**3. Покренување на постапка**

**Член 28**

Пријава за сторен дисциплински прекршок може да поднесе:
а) службено лице на натпревар
б) раководство на клуб
в) натпреварувач/ка

г) функционер во атлетска организација

**Член 29**

Пријава се поднесува во писмена форма и содржи податоци за : сторителот, времето, местото, опис на прекршокот, доказите, потпис и дата на подносителот.

**Член 30**

(1) Ако комисијата оцени дека пријавата не е уредна го повикува подносителот да ја дополни во рок од 8 дена.

(2) Доколку се установи дека дејствијата опишани во пријавата не преставуваат прекршок, и / или истекол рокот на застареност за покренување на постапката од Член 9 на овој Правилник, Комисијата ќе донесе решение да не се отфрла пријавата.

## 4. Тек на постапката

**Член 31**

(1) Дисциплинската постапка почнува со одлука на Комисјата за остварање на дисциплинска постапка. Во таа одлука се наведува подносителот на пријавата, лицето или клубот против кое е поднесена пријава, описот на прекршокот и дата на поденсување на пријавата.

(2) Одлуките од став 1 на овој Член се доставува до лицето или клубот против кое се поведува дисциплинска постапка и до клубот чиј член е тоа лице.

(3) Со одлуката се испраќа и повик со кој се бара лицето да се произнесе во писмена форма по поднесенат пријава во рок од 8 дена од добивање на одлуката, а воедно и да поднесе и одредени докази.

**Член 32**

(1) По приемот на писмениот одговор, односно по истекот на рокот, претседателот на комисијата ќе започне главна јавна расправа.

(2) Претседателот на Комисјата ќе настојува и ќе ги превземе сите потребни подготвителни мерки, на закажаната јавна расправа да бидат изведени сите потребни докази.

(3) Претседателот на Комисјата може да одреди еден член од Комисијата за известител по одреден случај.

**Член 33**

(1) На расправа задолжително се повикуваат лицата против кој е покрената дисциплинска постапка, подносителот на пријавата и по потреба сите други лица чие присуство е неопходно или корисно.

(2) Во поканата на лицето против кое се води дисциплинска постапка, ќе се стави опомена дека расправата ќе се одржи и во негово отсуство.

**Член 34**

(1) Расправата ја води Претседателот на Комисјата .

(2) Претседателот на Комисјата е должен да му овозможи на лицето кое ја поднело пријавата и на присуствното лице против кое е поднесена пријавата да се произнесат по сите битни елементи во пријавата и одговорот на пријавата.

**Член 35**

(1) Доколку во текот на расправата се наметне потреба од прибирање на нови докази.

(2) Комисијата може да одлучи расправата да се одложи.

**Член 36**

(1) Во текот на постапката се води записник а го води записничар.

(2) Записникот е доказ за правилноста на водењето на постапката, истиот го потпишуваат Претседателот, членовите на комисијата и записничарот, како и лицата чиј изјави се внесени во него.

**5. Донесување одлука**

**Член 37**

(1) Кога ќе се констатира дека се утврдени сите факти битни за донесување на одлуката, претседателот ја завршува јавната расправа.

(2) Советувањето и гласањето на комисијата е тајно.

(3) Комисијата е должна својата одлука да ја објави во рок од 48 часа и да ја изготви во рок од 8 дена.

**Член 38**

Комисијата може да донесе одлука:

1. дека прекршителот го сторил прекршокот и да му биде изречена дисциплинска казна;
2. дека лицето против кое се води дисциплинска постапка не го сторило прекршокот наведен во пријавата и да го ослободи од одговорност;
3. дека не постои доказ дека лицето против кое се води постапка го сторил прекршокот и да го ослободи од одговорност поради немање докази и
4. да ја запре постапката поради застареност или поради откажување на подносителот на пријавата, освен ако не е во прашање прекршок од член 21 и 26 од овој Правилник.

**Член 39**

(1) Одлуката на Комисијата ги содржи следниве податоци:

1. состав на Комисијата и датум кога е одржана јавната расправа;
2. изрека;
3. образложение во кое се изнесуваат наводите од пријавата и одговори на пријавата, изведени докази и утврдени факти, правна квалификација во врска со прекршокот, отежнителни и олеснителни околности и друго, и
4. упатство за правен лек.

(2) Одлуката се доставува до лицето против кое се води постапката, неговиот клуб, односно организација како и до Извршниот одбор Федерацијата.

**6. Изрекување на дисциплински мерки**

**Член 40**

Мерката оддалечување од подготовки или натпревари може да ја изрече на лице место капитенот на репрезентациите, делегатот на Федерацијата и главни судии, доколку атлетичарот или друго лице не се придржува по програмата за работа, ја повредува дисциплината и не ги почитува одредбите од

овој Правилник и  Пропозициите за атлетски натпревари во Република Македонија.

**Член 41**

(1) Суспензијата е мерка од времен карактер. Таа се изрекува во случај кога постои итна од забрана на настап на натпревар или забрана на вршењена некоја фунција пред да биде завршена дисциплинската постапка.

(2) Суспензија подразбира забрана на настап на сите атлетски натпревари за натпреварувачите, за клубот, а за функционерот за вршење на одредена должност.

**Член 42**

(1) Суспензијата може да се изрече на натпреварувач, клуб или функционер во случај кога постои основано сомневање дека следните прекршоци:

- тешка форма на физички напад
- неоправдано јавување на повикот на државниот капитен за учество во репрезентациите;
- неправилно натпреварување на натпревари во странство;
- прикажување на лажни резултати;
- земање на недезволени стимулативни и допинг средства;

(2) Суспензијата ја изречува Комисијата на предлог на подносителот на дисциплинската пријава или по службена должност, во рок од 8 дена од приемот на пријавата односно од создавањето на сторениот прекршок.

(3) Одлуката за изречена суспензија се доставува еднаш до суспендираното лице, на натпреварувачката комисија и на Извршниот одбор на Федерацијата.

**Член 43**

Суспензијата за клубот е автоматска во случај кога клубот не ги исполнува своите финансиски обврски кон Федерацијата по било кој основ во тој случај стручната служба Федерацијата доставува известување до Дисциплинската комисија, која со својата одлука ја констатира суспензијата.

**Член 44**

(1) Суспензијата изречена на натпреварувач или функционер трае до завршување на дисциплинската постапка.

(2) Комисијата може и порано да ја укине суспензијата ако утврди дека престанале причините за нејзино изрекување.

(3) Суспензијата на клубот престанува со исполнување на финасиските обврски поради кои е изречена.

**7. Редовен правен лек**

**Член 45**

(1) Против одлуката на Дисциплинската комисја може да се изјави жалба до Извршниот одбор на Федерацијата во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

(2) Жалба може да поднесе казнето лице, односно клуб и подносител на пријавата.

(3) Жалбата се поднесува до Извршниот одбор на Федерацијата преку Дисциплинската комисја во два примерока.

(4) Жалбата мора да содржи име на жалителот, ознаката на одлуката против која е поднесена и причина за жалба.

**Член 46**

Ненавремената или недозволената жалба Претседателот на Комисјата ќе ја отфрли со решение.

**Член 47**

(1) Извршниот одбор на Федерацијата одлучува по жалбата на седница на која може да го повика и лицето кое ја поднело жалбата.

(2) Пред да одлучи по жајбата, Извршниот одбор на Федерацијата може да изврши дополнување на постапката.

**Член 48**

Извршниот одбор на Федерацијата во постапката по жалба може да ги донесе следниве одлуки:

- жалбата да ја отфрли како ненавремена или недозволена;
- Жалбата да ја одбие како неоснована и да ја потвди одлуката на Комисијата;
- жалбата да ја уважи во целост или делумно и да ја промени одлуката на комисијата или да ја укине првостепенат одлука во целост или делумно и го врати предметот на повторно одлучување на Комисијата.

**Член 49**

Ако жалба поднела само казнето лице, односно клуб, Извршниот одбор на Федерацијата не може да изрече потешка казна, а ако се жали само подносителот на пријавата не може да се изрече поблага казна од онаа утврдена со првостепената одлука.

**Член 50**

Жалбата го задржува извршувањето на одлуката на Дисциплинската комисија на Федерацијата.

**8. Вонредни правни лекови**

***а) Барање за повторување на постапката***

**Член 51**

Повторување на постапката може да се дозволи:

- ако се докаже дека правосилната одлука е заснована на лажни докази;
- ако постојат нови факти и докази кои би биле од влијание врз одлуката, а за кои прекршителот не знале ниту можел да ги знае.

**Член 52**

(1) Право да поднесе барање за повторување на постапка имаат лицата утврдени во член 45 од овој Правилник, во рок од 6 месеци од денот на доставување на правосилната одлука.

(2) Барањето се поднесува до органот кој ја донел таа одлука.

**Член 53**

Ако барањето е основано, комисијата односно Извршниот одбор на Федерацијата ќе ја укине правосилната одлука и ќе донесат нова.

***б) Барање за вонредно ублажување на казната***

**Член 54**

(1) Кога постојат сигурни докази дека одлуката за казнување имала полно воспитно дејство, прекршителот може да бара Собранието на Федерацијата да донесе одлука за вонредно ублажување на казната.

(2) Барањето од став 1 на овој член може да се поднесе само еднаш во текот на календарска година.

**9. Извршување и евиденција на казните**

**Член 55**

(1) Казната стапува на сила со денот на правосилноста на одлуката со која е изречена.

(2) Одлуката донесена во прв степен станува правосилан ако против нејзе не е вклучена благовремена жалба.

(3) Второстепена одлука станува правосилна со денот на нејзиното донесување.

**Член 56**

(1) Ако со правосилната одлука е изречена казна забрана за настап, односно вршење на должност или дисквалификација за таа одлука веднаш се известува Комисијата за натпревари и надлежните органи на Федерацијата.

(2) Ако со правосилната одлука е изречена казна, за тоа се известува стручната служба на Федерацијата.

**Член 57**

За изречените казни и нивното извршување Дисциплинската комисија води книга во која се евидентира кој е казнет и кога, дали истата е извршена, односно од кога тече извршувањето и кога истата престанува.

**Член 58**

(1) Трошоците за работа на комисијата ги сноси Федерацијата.

(2) Лицето против кое се води дисциплинска постапка само ги сноси своите трошоци во текот на постапката.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

(1) Одредбите од овој Правилник и одредбите на пропозициите за натпревари во република Македонија меѓусебно се дополнуваат. Во случај истите да се разликуваат Дисциплинската комисија на Федерацијата ќе ги применува одредбите од овој Правилник.

(2) Во случаите кои не се предвидени со овој Правилник и Пропозициите за натпревари, ќе се применуваат општите правила на постапката.

**Член 60**

(1) Сите започнати дисциплински постапки во кои до денот на стапување на сила на овој Правилник не е донесена правосилна одлука, ќе се довршат согласно одредбите од овој Правилник.

(2) Одлуката за казна ќе се донесе во согласност со прописите кои биле во сила во времето кога прекршокот бил сторен, освен ако казните по овој Правилник се поблаги за сторителот.

**Член 61**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за дисциплинска одговорност во Атлетскиот сојуз на Македонија донесен на Собранието на АСМ на 17. 10. 1993 година.

**Член 62**

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото донесување.

СКОПЈЕ
број 02-45
01.март. 2014 година

АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Крсто Серафимовски